КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ" бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 28.11.2018 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 105088 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на ДСТУ ПИНК КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Гостивар, со адреса на улица Никола Парапунов број 6 локал 5 Гостивар на негово барање.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број:105088 на ДСТУ ПИНК КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Гостивар, со адреса на улица Никола Парапунов број 6 локал 5 Гостивар.

На ден 15.11.2018 година извршен е редовен надзор од страна на овластено лице за вршење на стручен надзор Александар Грамбозов вработен во Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции во Агенцијата за електронски комуникации. При вршење на надзорот, Управителот на ДСТУ ПИНК КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Гостивар изјави дека субјектот не е активен и дека не ги користи радиофреквенциите од одобрение за користење на радиофреквенции број 105088. Статусот на субјектот дека не е активен е потврден и од тековната состојба. Управителот на субјектот со записникот бара да се отповика одобрението за користење на радиофреквенции број 105088 со образложение дека субјектот не е активен и дека не ги користи радиофреквенциите.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен

весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15,193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото**:**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-1117
Скопје, 29.11.2018

Извршител
Референт-администратор
Александар Панчевски

Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за Радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

АЕК- 301.17